ФИНАНСИСКО ОЖИВУВАЊЕ НА ДОМОВИТЕ НА КУЛТУРАТА ВО ДРЖАВАВА

# РЕАФИРМАЦИЈА СО САМОФИНАНСИРАЊЕ

Покрај со самофинансирање, Домот во Кавадарци би се одржувал и со финансии од министерството

Домот на Култура во Кавадарци, првпат кај нас, има изготвено проект, кој, како што објасни неговиот автор, Ангел Митев, директор на Домот " Иван Мазев-Климе", со неговото прифаќање и одобрување од страна на Министерството за култура, каде што е предаден на разгледување, ќе го измени начинот на работење на Домот во Кавадарци на културен и на финансиски план, но истовремено ќе биде потстрек и другите установи од ваков вид во државава, идеите од проектот да ги прифатат и да ги применуваат како практика. Проектот е насловен како "Културен, забавен и мини трговдски центар", а неговата примена би го растоварила министерството од обврската да одвојува пари од буџетот на Владата предвидени и за домовите на културата во државава. И не само тоа, со примената на студиозниот проект, во практичното работење на Домот во Кавадарци, како што објасни Митев, спротивно од досегашната практика, ќе се овозможи во иднина Домот да одвојува пари за Министерството!

Авторот на овој проект Ангел Митев пред неодамна да дојде на чело на Домот на културата во Кавадарци, над две децении се занимавал со менаџмент, а остварил и студиски престој во САД, во Њујорк, токму во усовршување на менаџментот во објаста на културата. Со проектот целосно ќе се реорганизира начнот на работење и во културата. Ќе биде оневозможена практиката, организациите од областа на културата, постојано да бараат пари од Министерството и од владиниот буџет, а напротив, тие ќе создаваат доход и за министерството. Практика во досегашното работење на домовите во Македонија беше тие да бидат привилегирани од државата, а притоа со ниеден сопствен проект да не создадат доход во вид на плати за вработените и во збогатувањето на културниот живот. Прифаќањето на проектот од Кавадарци, ќе значи министерството, за овој Дом да не одвојува 50.000 евра, колку што годишно издвојува за него, како и за сите други домови, напротив, Домот во Кавадарци, со проектот, гарантира дека самиот ќе ги остварува овие пари,а и ќе издвојува. месечно најмалку 5.000 едвра и за министерството.

-Буџетското финансирање на домовите на културата, според мојот проект, дестимулативно делува врз културата Веќе се најдени донатори од каде што имаме сигнали за донации со што ќе се заокружи новата конструкција на Домот, по септемврискиот пожар што настана во домот. Со помош на локалната самоуправа ќе биде реализиран и проектот со кој се предвидува изградба на деловен простор на приземјето и на кат, со галерија во амфитеатрална форма и летна сцена , со што ќе профункционира и сега напуштената киноактивност. и други форми на културата. Дел од просторот биде отстапен на користење под закуп, со што ќе се остварува екстра доход. Ќе бидат предвидените две универзални сали ќе се опремат со најнова ДВД-техника. Со ова ќе се постигне комплетно самофинансирање,а Домот ќе обезведува средства и за министерството, ни изјави Митев. Во средата, проектот според кој е предвидено самофинансирање на Домот на културата во Кавадарци и нови вработувања, двојно повеќе од досегашните, бил презентиран пред членовите на Советот на Општината во Кавадарци и од нив добил виза, со поддршка и од градоначалникот на Кавадарци Панчо Минов. (Р. П.)